# Наши шуми

БРОЈ 87. СЕПТЕМВРИ, 2023

ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ



Планина Нице,
поглед на Пелагонија



Ѓурѓевски водопад,
с. Лаки-Виница

Национални
ШУМИ
во партнерство со природата

Наши шуми

ISSN 1409-785

9 771409 785003

Импресум ● Наши шуми ● број 87 септември 2023

## БЛИЦ

- 13-та Македонска извидничка смотра
- Воведена делумна забрана за движење во шума
- Одржана втората национална работилница за управување со пожари
- Во голема полициска акција на Скопска Црна Гора запленети 400 кубици бесправно посечено огревно дрво, приведени 10 дрвокрадци

## ЗЕЛЕНАТА АГЕНДА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН: СТОЛБ-I ДЕКАРБОНИЗАЦИЈА: КЛИМА, ЕНЕРГИЈА, МОБИЛНОСТ

Зелената агенда за Западен Балкан е донесена во Софија во 2020 година, а за нејзино непречено имплементирање во 2021 година е донесен и Акцискиот План. Тој треба да се користи како алатка за насочување на нејзиното спроведување. Во него се дадени конкретните чекори и поддршката за организациите, но и дефинирање на индикативна временска рамка за секоја мерка што може да се спроведе, поддршката за неговото правилно спроведување и следење на неговиот напредок.

## КАМПАЊА БЕЗ ПОЖАРИ

Согласно законските обврски за спроведување на превентивни мерки за заштита на шумите од пожари, на ден 26.07.2023 година, започна кампањата "Лето без пожари" на наплатна рампа Миладиновци, во која освен претставниците од Дирекцијата на ЈП "Национални шуми" и претставници на шумочуварската служба од Подружниците на јавното претпријатие учествуваа и припадниците на Министерството за внатрешни работи - Одделение за превенција и Шумска полиција. Кампањата во понатамошниот период се одвиваше во сите подружници на јавното претпријатие.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА ПЕРИОД ОД 01 – 06 МЕСЕЦ 2023 ГОДИНА

Полугодишниот извештај за работењето, за период од 01-06 месец за тековната година, се изработува согласно член 23-а од Законот за јавните претпријатија според кој Директорот на Јавното претпријатие е должен секои шест месеци да доставува Извештај за работата на Јавното претпријатие до Управниот одбор, кој го усвојува со Одлука

04 БЛИЦ
13 ЕДИТОРИЈАЛ
14 ДЕКАРБОНИЗАЦИЈА
18 СВЕТСКИ ДЕН
19 ЗАШТИТА
23 КАМПАЊА
26 ИЗВЕШТАЈ
30 ОЗОН

**Весник на ЈП за стопанисување со шуми Национални шуми**
**Издавач:** ЈП Национални шуми ● За издавачот*:* Валентин Груевски, директор
**Главен и одговорен уредник:** Фатима Шкријељ
**Редакција*:***Фатима Шкријељ ● **Издавачки совет:** Валентин Груевски,
Safet Miftari, Гордана Серафимовска, м-р Гоце Николовски, Борис Пешевски, Нацко Николов
**Компјутерска подготовка:** Графо Пром
ЈП Национални шуми, ул.Булевар Климент Охридски бр.68 Скопје, Скопје-тел. 02/2581 080-факс 02/2581 824
**maksumi@mkdsumi.com.mk ● www.mkdsumi.com.mk**

## БЛИЦ 01 ОТПОЧНАТА ОЗНАКА НА ДРВНА МАСА ВО ПОДРУЖНИЦАТА ПЛАЧКОВИЦА ВИНИЦА

Вработените од подружницата Плачковица од Виница, која стопанисува со пет шумско стопански единици, отпочна со ознака на дрвна маса во Шумско стопанската единица Градечка Река – Ломија, во оддел 34а, која е предвидена за сеча согласно основата во 2023/2024 година, односно член 62 од Законот за шуми, според кој сеча во шума се врши само по претходно извршена ознака за сеча со втиснување на јасно видлив шумски жиг. Под ознака за сеча се подразбира одбирање и означување на стебла за сеча и евидентирање на дрвната маса, како и обележување на површината и евидентирање на дрвната маса.
Одделот 34а е со вкупна површина од 47,34 ха и се означува вкупна бруто дрвна маса од 3.477 метри кубни во високостеблен буков насад.



## БЛИЦ 02 13-ТА МАКЕДОНСКА ИЗВИДНИЧКА СМОТРА

На ден 13.07.2023год. во Ски Центарот Станич-Крушево, а во организација на Сојузот на извидници на Македонија беше одржана 13-та Македонска извидничка смотра.
Сојуз на извидници на Македонија е најголема младинска чадор организација, која 70 години работи на полето на неформална едукација преку стекнување на здрави животни навики со активности во природа и обединува членство од повеќе од 3.000 извидници на национално ниво.
На секои 5 години, како дел од својата програма, Сојузот организира извидничката смотра, која претставува најмасовен, едукативен, авантуристички, повеќедневен настан за деца и млади.
Извидничкиот камп се реализираше во периодот од 12 до 21 јули 2023 година, во Крушево, а на него земаа учествуво повеќе од 1.000 извидници од Македонија и 15 други држави од регионот, Европа и светот.
Генерален покровител на настанот беше Претседателот на РС Македонија, г-дин Стево Пендаровски, кој прв се обрати на извидниците на свеченоста. На свеченоста присуствуваше и делегација од ЈП Национални шуми предводена од директорот Валентин Груевски.
Соработката помеѓу извидниците и ЈП Национални шуми активно трае речиси една година преку БОРЕНКА, акција за пошумување на опожарени подрачја и едукација на деца и млади од целата држава.





# ВОВЕДЕНА ДЕЛУМНА ЗАБРАНА ЗА ДВИЖЕЊЕ ВО ШУМА

БЛИЦ 03

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство по барање на ЈП Национални шуми – Скопје, согласно член 57, став 3 од Законот за шумите, даде согласност за воведување делумна забрана за движење во шумите и шумското земјиште во периодот од 6:00 до 20:00 часот, на територијата со која стопанисува јавното претпријатие. Забраната беше воведена со оглед на зголемената опасност од појава на шумски пожари на отворен простор.



Делумната забрана за движење во шума стапи на сила од 17.07.2023 година и ќе трае се до проценката дека е намален ризикот од појава на шумски пожари, односно до нејзиното отповикување.

Делумната забрана за движење во шумите и шумското земјиште не важи за:

Министерството за внатрешни работи, Шумската полиција, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Државниот инспекторат за шумарство и ловство, ЈП Национални шуми, субјектите што вршат шумскостопански активности, сеча, дотур и транспорт на дрво и дрвни сортименти, стручните служби на концесионерите на дивечот во ловиштата и лица коишто имаат писмено одобрение за движење во шумите. Движењето беше дозволено единствено со писмено одобрение издадено од подружниците на ЈПНационални шуми – Скопје за подрачјето со кое стопанисуваат/управуваат. За спроведување на забраната одговорни се вработените од ЈП Национални шуми кои вршат дејност заштита, Шумската полиција и МВР. За непочитување на оваа забрана на физичките лица кои беа затекнати дека се движат во шума и шумско земјиште, согласно член 106 од Законот за шумите, ќе им биде изречена парична казна од 1500 до 2000 евра.





# ЗАПОЧНА КАМПАЊАТА ЛЕТО БЕЗ ПОЖАРИ ПОД МОТОТО ПЛАМЕНИТЕ ЈАЗИЦИ СЕ НЕЗАПИРЛИВИ И ПАЛЕЊЕ НА ШУМИТЕ Е КРИМИНАЛ

БЛИЦ 04

Согласно законските обврски за спроведување на превентивни мерки за заштита на шумите од пожари, на ден 26.07.2023 година, на наплатна рампа Миладиновци, претставници од Дирекцијата на ЈПНационални шуми и претставници на шумочуварската служба од Подружниците „Шумарство”- Свети Николе и „Караџица”-Скопје, во соработка со Секторот за внатрешни работи Скопје - Одделение за превенција и Шумска полиција, ја спроведоа превентивната кампања

„Лето без пожари", при што на граѓаните им беа поделени флаери со информативно-едукативна содржина, истовремено беа информирани за опасностите од настанување на шумските пожари, посебно во летниот период кога е зголемена опасноста од појава на шумски пожари.

Исто така, граѓаните беа информирани за начинот на вадење на дозвола за движење во шума, со оглед дека на сила беше делумната забрана за движење во шумите, како и законската регулатива и санкции во поглед на предизвикувањето на



БЛИЦ 05

# ОСТВАРЕНА ПОСЕТА ВО БУГАРИЈА ЗА РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА САДНИЦИ ОД ЛИПА И ДРУГИ АВТОХТОНИ ВИДОВИ



Присуството на деградирани шуми на Осогово, од кои голем дел се од изданково потекло, ја наметнува потребата од преземање мерки за ревитализација на површините со таков вид на шуми. Јавното претпријатие Национални шуми во 2022 година отпочна со процес на менување на практиката на внесување на алохтони видови во природните шумски екосистеми и замена, односно пошумување со автохтони видови дрвја, кои најдобро одговараат на месторастењето.

Според годишната програма за управување со Заштитен предел Осоговски планини за 2023 година, беше планирана посета на РБугарија, за размена на искуства за производство на садници од липа и други автохтони видови.

Секторот за одгледување, подигање, екологија и лов од ЈП Национални шуми, со претставници од ЗП Осоговски планини и дел од расадничарите, на 24.07.2023 година оствари работна посета во Бугарија, во Југозападно државно претпријатие во Благоевград. Целта на посетата беше зајакнување на досегашната соработка и нејзино проширување на различни теми и полиња поврзани со активностите кои ги извршуваме и во кои заеднички можеме да дејствуваме. При посетата на горското стопанство во Благоевград од страна на стручните и одговорни лица за расадничко производство во расадникот во Благоевград ни беше извршена презентација на начинот на собирање на семенски материјал за производство на садници од липа, начин на производството на садници од липа како и искуства од некои веќе спроведени добри практики во делот на расадничкото производство и пошумувањето.

# ДЕЛЕГАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИ ШУМИ ГО ОДБЕЛЕЖА ИЛИНДЕН ВО КРУШЕВО

БЛИЦ 06



Во предвечерието на големиот национален празник 2-ри Август-Илинден, претставници од Подружницата Липа од Крушево, предводени од раководителот Јанче Јанески со полагање свежо цвеќе им оддадоа почит на Илинденците, борците од НОБ и членовите на АСНОМ, го одбележаа Илинден во Крушево. Илинденската идеја има континуитет низ вековите и ги поврзува нашето минато, сегашноста и иднината. Илинден е нашата сила за иднината, а нашата иднина е европска.

# РАБОТНА ПОСЕТА НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ НАЦИОНАЛНИ ШУМИ ВО НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР

БЛИЦ 07

На ден 26.07.2023 година се одржа работна посета во Националниот Парк Пелистер помеѓу претставници од Секторот за одгледување, подигање, екологија и лов и претставниците на Заштитено подрачје Осоговски Планини и Заштитено подрачје Малешево. На состанокот беа презентирани и разменети искуства во областа на контролата на собирањето и откупот на други шумски производи со посебен акцент на боровинката, како вид кој е многу значаен за собирање на Осоговските Планини. Се разговараше за надлежностите на ренџерската служба, начинот на справување и дејствување во различни ситуации како и други теми од областа на шумарството и зачувување на природата. Како заклучок од двете страни беше потенцирано дека ваквите посети и размена на искуства треба да продолжат и во иднина, бидејќи се од големо значање за двете институции.



БЛИЦ 08

## ПОГЛАВАРОТ НА БРАЗИЛСКИОТ АМАЗОН, РАОНИ МЕТУКТИРЕ ГИ ПОВИКА ШЕФОВИТЕ НА ДРЖАВИТЕ ВО РЕГИОНОТ НА СОСТАНОКОТ ОВАА НЕДЕЛА ДА ГИ ЗАСИЛАТ СВОИТЕ НАПОРИ ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРАШУМАТА КОЈА Е ОД КЛУЧНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОПСТАНОКОТ НА НЕГОВИОТ НАРОД И ГЛОБАЛНАТА КЛИМА

Од 1990- 2020 година светот изгуби 178 милиони ха шуми. По континети, во Европа и Азија има перманентен пораст на шумската површина, Средна и Северна Америка како и Океанија се тука некаде на исто ниво, но огромните загуби на шума во Африка, каде перманентно се губи шума, просечно се губат 3,4 милиони ха/годишно во овој период и Јужна Америка каде просечно годишно се губат 4,3 милиони ха е загрижувачко. Колку за споредба, шумската површина во Македонија перманетно се зголемува, па според FAO извештајот во 1990год. е 920.000 ха, а сега е 1.001.000 или 81.000 ха повеќе. Ова е резулат на повеќе фактори, но клучна е улогата на субјектите кои стопанисуваат со шумите, а најмногу ЈП Национални шуми.

Но сепак, ние сме минорни во глобални рамки! А во Африка и Јужна Америка треба уште многу да се работи зашто колку и да се трудиме ние на останатите континетни, во овие два континента е најголемиот проблем. Токму за тоа и кажува мудриот домородец од Амазон. Во моментот има 4,1 милијарди ха шума во светот, од кои во Европа се околу една милијарда ха.





## ЗАВРШЕНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УПРАВНАТА ЗГРАДА ВО ПОДРУЖНИЦАТА БИГЛА ВО ДЕМИР ХИСАР

БЛИЦ 09

Јавното претпријатие Национални шуми преку постапка за јавна набавка, спроведе демонтажа и монтажа на нови ПВЦ прозори и влезната врата на управната зграда во подружницата Бигла од Демир Хисар, инвестиција вредна 288.864 денари со ДДВ, од сопствени средства. Инвестицијата е во делот на промена на постоечките со нови ПВЦ прозори и врата.
Со завршување на опшивките на новите ПВЦ прозорци, се заврши и адаптацијата на управната зграда во Демир Хисар, која е една од повеќето реконструирани објекти во сопственост на јавното претпријатие. Со оваа адаптација ќе се подобрат условите за работа на вработените, како и квалитетот на работната средина во управната зграда. Управната зграда на подружницата се реконструира после подолг временски период.



## ГОСТУВАЊЕ НА ДИРЕКТОРОТ НА ЈП ВО ЕМИСИЈА НА " ТЕРА ТВ"

БЛИЦ 10



На ден 11.08.2023 година на Тера ТВ гостуваше генералниот директор на ЈП Национални шуми Валентин Груевски, во која зборуваше за актуелната забрана за движење во шума, за планираните 500 ха површина засадени со нови садници, како и за кампањата " Лето без пожари" во која учествуваат вработените од сите Подружници на јавното претпријатие, заедно со припадниците на МВР и шумската полиција.

## АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ ОТСТАПИ ВОЗИЛО ТОЈОТА ЏИП И ТОВАРНО ВОЗИЛО КАМИОН НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ "НАЦИОНАЛНИ ШУМИ"

БЛИЦ 11

Јавното претпријатие Национални шуми од 29.08.2023 година е побогато за две нови возила, Тојота џип и товарно возило камион.
Агенција за управување со одземен имот прави усилби да излезе во пресрет на секое барање која пристигнува од државните институции, со цел да се заштедат финансиски средства од буџетот на државата, така да на ден 30.08.2023 година, директорот на Агенцијата Дритон Небиу со претходно одобрение од страна од управниот одбор и Владата на РСМ, отстапи трактор на Национални шуми, распределен во Подружницата Равна река од Пехчево. Јавното претпријатие Национални шуми изрази благодарност до директорот на Агенцијата за управување со одземен имот Дритон Небиу и за поддршката која Јавното претпријатие ја добива во изминатиот период. Директорите Валентин Груевски и Дритон Небиу на средбата договорија понатамошна соработка и во иднина помеѓу овие две институции.



## БЛИЦ 12 ПОДРУЖНИЦА ЛИПА – КРУШЕВО

Во Подружницата Липа од Крушево во изминатиот период од годината успешно се реализираат планираните динамики на производство согласно Програмата за работа за 2023 година, со околу 100 посто извршување на планираните месечни динамики, односно 8.057 м3 посечено, огревно и техничко дрво, заклучно со месец август.
Во континуитет се реализира испораката на дрвната маса до физичките и правни лица кои имаат склучени договори. Исто така согласно планираното за пробивање и изградба, како и реконструкција и прочистување на постоечката патна инфраструктура, редовно се извршуваат активностите и во тој дел, при што се пробиени 3,2 км шумско камионски пат во шумско стопанската единица Мечкин камен Дивјаци, оддел 10а и 8а. За сите добри резултати во делот на работењето, голема заслуга имаат сите вработени во подружницата.



## БЛИЦ 13 ОДРЖАНА ВТОРАТА НАЦИОНАЛНА РАБОТИЛНИЦА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОЖАРИ

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Регионалниот центар за следење на шумски пожари (RFMC) ја одржа втората работилница за Управување со пожари. Одржаната работилница имаше за цел да одговори на клучните аспекти на управувањето со пожарите, веќе дискутирани на првата работилница во Март 2023год., фокусирајќи се на концептот на системот за управување со пожари, презентација на нацрт извештајот за управување со пожари како и изработка на организациона шема на системот за управување со пожари, препораки и насоки. Целта е да се обезбеди рамка за проактивни и координирани напори за управување со пожари, обезбедувајќи безбедност на заедниците и екосистемите со цел поотпорни предели од пожарите. На работилницата која се одржа во Хотел Парк, присуствуваа и претставници од Секторот за заштита на шуми, надзор и внатрешна контрола од Јавното претпријатие.





## БЛИЦ 14 ДИРЕКТОРИТЕ НА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ПОТПИШАА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА АНТИКОРУПЦИСКИ ПРАКТИКИ И ПОЛИТИКИ



На ден 20.09.2023 година во Скопје, во организација на Институтот за стратешки истражувања и едукација (ИСИЕ) Директорите на јавните претпријатија потпишаа Декларација за антикорупциски практики и политики. Со цел да се демонстрира политичка волја и да се даде придонес во спречувањето на корупцијата и подобрувањето на транспарентноста на јавните претпријатија, декларацијата ја потпишаа 36 директори на јавни претпријатија од целата земја.

На настанот се обратија г-дин Ерик Мејер, Заменик шеф на мисијата на Амбасадата на САД во Скопје, проф. д-р Мишо Докмановиќ проектниот координатор, како и проф. д-р Дарко Спасевски национален експерт, кој претставувајќи ги главните проектни резултати и ресурсната страница, изрази увереност дека присуството и изразената поддршка од страна на директорите на јавните претпријатија ќе ги охрабри вработените и ќе ги поттикне и граѓаните и правните лица кои се корисници на услуги и добра да ги користат механизмите на заштита на укажувачи, транспарентност и отчетност, секогаш кога ќе биде потребно и ќе бидат сигурни дека некој соодветно ќе постапи по нивниот поднесок.

Настанот се реализираше во рамките на проектот кој го спроведува ИСИЕ - „Поттикнување на овозможувачка средина за пријавување корупција во јавните претпријатија" и е финансиран од Амбасадата на САД.

На настанот присуствуваше и директорот на ЈП Национални шуми Валентин Груевски.

## БЛИЦ 15 ВО ГОЛЕМА ПОЛИЦИСКА АКЦИЈА НА СКОПСКА ЦРНА ГОРА ЗАПЛЕНЕТИ 400 КУБИЦИ БЕСПРАВНО ПОСЕЧЕНО ОГРЕВНО ДРВО, ПРИВЕДЕНИ 10 ДРВОКРАДЦИ

На 19.09. и 20.09.2023 на место викано Рамно на планината Скопска Црна Гора, во заедничка акција на Одделот за криминалистичка полиција, Единицата за брзо распоредување при Одделот за специјални полициски операции, Оддел за гранични работи и миграции-Регионален центар Север, СВР Скопје, Шумска полиција и Јавното претпријатие Национални шуми, приведени се 10 дрвокрадци, сите од с.Брест и с.Арачиново-скопско.

Лицата биле затекнати на местото каде вршат бесправна сеча на дрва и притоа биле пронајдени околу 400 кубни метри бесправно посечено огревно дрво. На местото биле пронајдени и четири товарни возила натоварени со огревно дрво, едно патничко возило, три моторни пили и други предмети кои биле користени за сеча на дрвата. Возилата, дрвата и другите предмети се одземени за понатамошна постапка, а лицата биле задржани во полициска станица. По целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител против лицата ќе биде поднесена кривична пријава по член 226 од Кривичниот законик.



## БЛИЦ 16 РАБОТНА АКЦИЈА НА ВРАБОТЕНИТЕ ОД ПОДРУЖНИЦАТА РАВНА РЕКА ОД ПЕХЧЕВО



Од 19-21 септември 2023 година вработените од Подружницата Равна Река од Пехчево, во организација на раководителот Златко Николовски, спроведоа работна акција за чистење на гранки покрај локалниот пат што води од Пехчево до туристичката населба Равна Река и заштитеното подрачје Малешевски планини 1.

## БЛИЦ 17 УКИНУВАЊЕ НА ДЕЛУМНАТА ЗАБРАНА ЗА ДВИЖЕЊЕ ВО ШУМА



На Барање на Јавното претпријатие Национални шуми, доставено на 27.09.2023 година до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, добиена е согласност за оптовикување на согласноста за воведување делумна забрана за движење во шумите и шумското земјиште во периодот од 6:00 до 20:00 часот, на територијата со која стопанисува јавното претпријатие. Од 29.09.2023 година се отповикува делумната забрана за движење во шума и за спроведување на горенаведената согласност за укинување на делумната забрана за движење во шума, известени се сите надлежни институции и медиуми.



# ШУМАТА КАКО ТЕРАПЕВТ

Човечките суштества се биолошки предиспонирани да бараат контакт со природата која им дава чувство на благосостојба и релаксација. Шумата отсекогаш била простор на иницијација и раст, архетип присутен во колективното несвесно според Јунг и место каде може да започне важна трансформација која може да влијае и на внатрешната димензија.
За подобро да ја разбереме филозофијата на шумската терапија ќе започнеме од Јапонија, поточно од Шинрин-јоку, традиција на оваа земја. Шинрин-јоку, преведено од јапонски, значи „шумско капење“, израз кој се однесува на потопување во сетилата и дишење во шумата. Денес, дишењето на атмосферата на шумата е официјално признаена метода како за превенција од болест,така и за лекување на болести. Шинрин-јоку е метода која е субвенционирана од националниот здравствен систем, која се изучува и практицира на медицинските универзитети и клиники во Јапонија.
Оваа терапија има многу придобивки за здравјето на луѓето. Пред сè, психолошки придобивки кои се најнепосредни за набљудување. Поминувањето време во шумите и парковите, или едноставно размислување за дрвјата му помага на имунолошкиот систем, го намалува стресот, го намалува крвниот притисок, го подобрува расположението и води до релаксација на умот и телото. Според биологот Едвард О. Вилсон од Универзитетот „Харвард“, не можеме да живееме здрав и целосен живот далеку од природата, потребен ни е директен контакт со формите на живот. Но како и на кој начин шумата влијае врз нас? Воглавно преку нашите сетила. На прво место, преку нашиот вид, каде преку визуелна стимулација со слики од шума доведува до психолошки, но и физиолошки придобивки.
Според едно истражување спроведено во Италија, со учество на CAI (Италијански алпски клуб) и CNR (Национален совет за истражување), каде биле вклучени речиси 100 учесници, се покажало дека гледањето и слушањето видеа од шума, во услови кога не сме во контакт со природата, како што се случи на пример за време на затворањето во времето на корона, се ефикасни за производство на значајна краткорочна психолошка релаксација, како што е намалување на нивото на анксиозност. Во овој случај, зборуваме за хромотерапија и терапевтските функции на зелената боја, бојата на природата која пренесува хармонија и спокојство, помагајќи го опоравувањето од анксиозните нарушувања.
Вториот значаен фактор на шумската терапија е допирот. Информациите кои се добиваат од допирот, веднаш се пренесуваат до мозокот. Тактилната стимулација, односно директниот контакт со дрва или растенија предизвикува физиолошка релаксација, демонстрирана со намалување на активноста на мозокот, намалување на крвниот притисок, отчукувањата на срцето и нивото на хормонот на стресот.
Третиот фактор е сетилото за мирис. Воздухот од шумата покренува многу антиканцерогени одбрани, нашиот имунолошки систем користи одредени протеини за да интервенира против дегенериративните клетки кои сочинуваат потенцијален канцероген фактор. Кога го вдишуваме воздухот во шума, дишеме „коктел“ од биоактивни материи што ги ослободуваат растенијата. За да се максимизираат ефектите, треба да се исклучат сите технолошки уреди, за да прошетките во шума донесат повеќе уживање и релаксација...

Фатима Шкријељ

# ЗЕЛЕНАТА АГЕНДА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН: СТОЛБ-I ДЕКАРБОНИЗАЦИЈА: КЛИМА, ЕНЕРГИЈА, МОБИЛНОСТ







Во претходното излагање објаснивме дека Зелената агенда за Западен Балкан е донесена во Софија во 2020 година, а за нејзино непречено имплементирање во 2021 година е донесен и Акцискиот План. Тој треба да се користи како алатка за насочување на нејзиното спроведување. Во него се дадени конкретните чекори и поддршката за организациите, но и дефинирање на индикативна временска рамка за секоја мерка што може да се спроведе, поддршката за неговото правилно спроведување и следење на неговиот напредок. Подготвен во рамките на обемен консултативен процес координиран од Советот за регионална соработка, овој Акциски план беше подготвен врз основа на пристап „одгоре – нагоре“ што ги вклучи владините институции од областа на економијата од Западен Балкан, релевантните регионални организации кои работат во областите на креирање политики, меѓународни финансиски институции, граѓански организации и други партнери. Овој документ го опфаќа периодот од 2021 до 2030 година, а се планира периодично да се ревидира согласно потребите и новите приоритети, без да се намали нивото на амбиции. Секое одложување на индикативните временски рамки ќе треба да има соодветно оправдание. Десетгодишната перспектива на Акцискиот план овозможува негово усогласување со најважните меѓународни и европски цели на политиките како што се Целите за одржлив развој на Обединетите Нации, Европската рамка за енергетска и климатска политика за 2030 година, Стратегијата на ЕУ за биолошка разновидност до 2030 година, Акциските планови за кружната економија и нулто загадување. Акцискиот план ќе се ревидира двапати и тоа еднаш до крајот на 2024 година и уште еднаш до крајот на 2027 година, врз основа на истиот консултативен процес со властите од Западен Балкан и партнерските регионални организации, при што ќе се анализира и постигнатиот напредок во однос на целите на истиот.




Во овој Акциски план се опишува рамката за негова координација и следење, додека главната одговорност за неговото спроведување ја сносат властите од Западен Балкан преку меѓусекторска и меѓуинституционална соработка.

Акцискиот план е структуриран на начин на кој ги одразува седумте компоненти на Софиската декларација (климатска акција, енергија, транспорт, кружна економија, загадување, одржливо земјоделство и заштита на природата и биолошката разновидност), кои се групирани во пет столба. Содржи мерки за постигнување на 58-те обврски (цели) од Софиската декларација, како и преглед на главните регионални координатори и други релевантни организации кои придонесуваат за остварувањето на одредена цел. За секоја мерка се дефинира индикативна временска рамка за спроведување на мерката, во консултации со регионалните координатори и властите од Западен Балкан. Имплементацијата на овие 5 столба треба да им овозможи на земјите од регионот на Западен Балкан да постигнат транзиција кон кружна и одржлива нискојаглеродна економија која што е базирана на природата. Петте столба на Зелената агенда за Западен Балкан вклучуваат декарбонизација, кружна (циркуларна) економија, намалување на загадувањето, одржливо земјоделството и заштита на биодиверзитетот, кои понатака од страна на Европската комисија се детално елаборирани и вклучени во European Commission, „Guidelines for the Implementation of the Green Agenda for the Western Balkans." Во оваа анализа ќе говориме што значи декарбонизација (клима, енергија, мобилност) општо и која е улогата на шумарството во остварување на овие заложби.

Зелената агенда за Западен Балкан е сеопфатна и амбициозна рамка насочена кон справување со итни еколошки предизвици со кои се соочува регионот. Еден од неговите основни столбови, декарбонизацијата, се фокусира на намалување на емисиите на јаглерод, промовирање одржливи извори на енергија и унапредување на еколошки решенија за мобилност. Во овој контекст, шумарството се јавува како клучен играч во остварувањето на целите утврдени во првиот столб од Зелената агенда.

Шумите одамна се препознаени како најзначајно средство за борба против климатските промени. Значењето на шумите во напорите за декарбонизација е повеќеслојно, допирајќи ги аспектите на климата, енергијата и мобилноста од Зелената агенда. Во таа повеќеслојна декарбонизација шумите и шумарството допринесуваат на повеќе начини. Најзначајно и најпрепознаено е врзувањето на јаглерод (carbon sequestration). Па така шумите се сметаат за природни складишта на јаглерод, апсорбирајќи го CO2 од атмосферата преку процесот на фотосинтезата, притоа складирајќи го во нивната биомаса и почва. Овој процес на врзување на јаглеродот помага во намалување на концентрацијата на стакленички гасови во атмосферата, ублажувајќи ги ефектите од климатските промени. Западен Балкан, со своите разновидни и обемни шумски површини, може значително да придонесе во регионалните и глобалните напори за борба против климатските промени преку одржување и проширување на овие витални јаглеродни складишта. Како втора по значајност е обновливата биомаса. Преку одржливите шумарски практики се обезбедува значен (и вреден) извор на обновлива биомаса, Таа биомаса се смета како значен фактор и во иднина ќе има се поголема и клучна улога во транзицијата кон чиста енергија. Биомасата може да се користи за производство на биоенергија, како што се дрвени пелети и биогорива. Вреди да се напомене дека на Западен Балкан има големата зависност од огревно дрво. Одговорното и одржливо стопанисување/управување со шумите во Западен Балкан ќе обезбеди локално-одржлива суровина за енергетските потреби на регионот.








Според Зелената Агенда, одржливите шумарски практики не се ограничени само на врзување на јаглеродот и производството на биомаса, туку истите се протегаат и надвор од нив. Во таа насока шумите ги подобруваат и нудат решенијата за мобилност преку обезбедување живеалишта за дивиот свет, обезбедување чист воздух и вода и создавање простори за рекреација кои промовираат активни и еколошки начини на транспорт, како што се пешачење и возење велосипед. Понатаму, развојот на одржлива транспортна инфраструктура може да има корист од употребата на материјали на база на дрво, како што е дрво за мостови и велосипедски патеки, намалувајќи го јаглеродниот отпечаток на градежните проекти. Понудувајќи решенија кои се базирани на природата (nature based solution). Виталните и здравите шуми се значајни за биолошката разновидност, што може да се види преку богатата низа на растителни и животински видови. Треба да напоменеме дека зачувувањето на биодиверзитетот е тесно испреплетено со ублажувањето на климатските промени, бидејќи различните екосистеми се поотпорни на еколошки нарушувања. Со заштита и обновување на шумите, Западен Балкан може да ги заштити критичните живеалишта и да промовира биолошка разновидност, што пак придонесува за целокупното здравје на планетата Земја и кон ЕУ заложбите за декарбонизација.
Многу значјана улога имаат шумите и шумарството во квалитетот на животот во руралните средини. Преку примена на одржливи шумарски практики може да се обезбедат економски можности за локалните заедници, кои вклучуваат работни места во процесот на користење на шумите, преработката на дрвните сортименти и еко-туризмот. Активната вклученост и ангажираност на заедниците ги иницира нивните напори за декарбонизација и поттикнува чувство кај локалното население за одговорност кон природните ресурси и луѓето кои живеат во рурални средини.
На шумите треба да се гледа како мултифункционални екосистеми кои играат клучна улога во врзувањето на јаглеродот, обезбедувањето на одржлива и обновлива биомаса, поддршката на одржливата мобилност, зачувувањето на биолошката разновидност и ангажирањето на локалните заедници. Затоа е потребен еден холистичкиот пристап во стопанисувањето/управувањето со шумите каде се земени во предвид како еколошките така и социо-економските аспекти кои се суштински за постигнување на целите на Зелената агенда на Западен Балкан и унапредување кон позелена и поодржлива иднина. Со препознавање и искористување на потенцијалот на своите шумски екосистеми, Западниот Балкан може да го предводи патот во климатските активности и одржливиот развој.
Македонија која се наоѓа во срцето на Западен Балкан, поседува огромно богатство на природни ресурси, вклучувајќи и значителна површина под шуми. Иако последниот официјален попис на шумите е направен во 1979 година според одредени статистички податоци површина под шуми зафаќа 45% од територијата на Македонија.  Па затоа искористувањето на овие ресурси, стратешки може да биде главна оска во националните заложби за постигнувањето на целите за декарбонизација кои се наведени во Зелената агенда за Западен Балкан. Во продолжение следат одредени поконкретни активности што би требало да ги преземе Македонија со дел да го направи шумарството движечка сила во нејзините напори за декарбонизација.
За шумарството да биде движечка сила и да може да одговори соодветно потребно е одржливо стопанисување/управување со шумите. Потребно е да се даде приоритет на практиките за одржливо стопанисување/управување со шумите во кои е избалансирана потребата од дрво како енергенс, користењето на шумите и другите шумски ресурси со потребата да се зачува биолошката разновидност и да се одржуваат здрави екосистеми. Ова вклучува спроведување на строги прописи со цел да се спречи нелегалната сеча и да се промовираат техники за одговорно користење. Користењето треба да биде на начин кој што е близок до природата.  Сериозно треба да се согледа и пристапи кон инвестирање во проекти за пошумување и подигање на нови шумски насади, преку кое може значително да се зголеми капацитетот на земјата во поголемото врзување на јаглерод. Овие иницијативи треба

да содржат и правила каде ќе биде наведено дека посебен фокус е ставен на автохтони (домашни) шумски видови дрвја кои се прилагодени на климата кај нас, со што индиректно ја зајакнуваме и отпорноста на шумските екосистеми на климатските промени.

Македонија треба да го поддржи истражувањето и развојот во областа на биоенергијата, поттикнувајќи ги иновациите во производството на биогорива и напредните технологии за конверзија на биомаса. На тој начин ќе се поттикне и стимулира употребата на дрвната биомаса за производство на енергија, особено за греење и производство на електрична енергија, со цел намалување на зависноста од фосилни горива. Во таа насока е потребна потесна соработката со академските институции и индустриските партнери преку кои ќе се забрза напредокот во оваа област.

Развивање и промоција на зелени инфраструктурни проекти во кои шумите се пример за еколошки решенија за мобилност, како например проширување на пошумените површини вдолж транспортните коридори, создавање зелени урбани простори и промовирање на одржлив туризам со пешачки и велосипедски патеки. Потоа поддршка на заложбите за заштита и зачувување на биодиверзитетот во македонските шуми. Ова би вклучило и спроведување на програми за зачувување и промовирање иницијативи за екотуризам кои ја подигнуваат свеста за важноста на биолошката разновидност.

Вклучност на локалните заедници во проекти за реставрација на шумите, обезбедувајќи им можности за одржлива егзистенција преку еко-туризмот, брендирање на шумски производи и други активности поврзани со шумите.

Градењето чувство за одговорност кај населението може да доведе до поголема поддршка за зачувување на шумите и одржливи практики. За таа цел потребно е да се покренат кампањи за подигање на јавната свест како и образовни програми за информирање на граѓаните за виталната улога која ја имаат шумите во ублажувањето на климатските промени. Потребна е поголема соработка со соседните земји како и со меѓународните организации во споделување на добри практики, ресурси и експертиза поврзана со стопанисувањето/управувањето со шумите и нивната улога во ублажувањето на климатските промени.




Во овие заложби, исто така, е значајно да биде направено и усогласување на националните политики и регулативи со целите на Зелената агенда за Западен Балкан и пошироките цели за декарбонизација, како и со целите на ЕУ и меѓународните политики и регулативи.




Предложените конкретни активности, се со цел да биде искористен целиот потенцијал на шумарски сектор, кој може да одигра клучна улога во исполнувањето на целите од првиот столб во рамките на Зелената агенда за Западен Балкан, Декарбонизација:клима, енергија, мобилност. Со тоа шумарството ќе ја покаже својата сестраност, а тоа е истовремена борба против климатските промени, промовирање решенија за одржлива енергија и мобилност базирани на природата, зачување на биолошката разновидност и подобрување на благосостојбата на своите граѓани, како модел за одржлив развој на државата.

Проф. д-р Македонка Стојановска
Асс. м-р Владимир Стојановски

# 28. ЈУЛИ СВЕТСКИ ДЕН НА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА



Светскиот ден на заштитата на природата се одбележува секоја година на 28 јули со цел ширење на свест за природните ресурси кои се наоѓаат на нашата планета Земја и кои се основа за стабилно и продуктивно општество, особено за обезбедување на благосостојбата на сегашните и идните генерации.
Денес се соочуваме со бројни опасности за животната средина во која живееме, како што се климатските промени, глобалното затоплување, дефорестација, намалување на животната разновидност, топење на ледените површини, покачување на нивото на морињата, зголемување на загадувачите....
Сите ние зависиме од природните ресурси: вода, воздух, почва, минерали, дрвја, животни, храна, нафта. Тие се основни елементи во нашиот секојдневен живот.
За да ја одржиме рамнотежата на природата, мора да им помогнеме и на различните видови да продолжат да постојат. Извештајот на Светската организација за заштита на Светската фондација за дивиот свет сугерира дека од 1970 година, притисокот што го вршиме врз планетата е двојно зголемен, а ресурсите од кои зависиме се намалени за 33%.
Во последно време се снимаат многу документарни филмови за заштита природата кои покажуваат како се трошат ресурсите, но тоа е и секојдневна појава во нашите домови. Светскиот ден на заштита на природата треба да се слави секој ден од нашите животи, а не само на 28. јули.
Темата на Светскиот ден за зачувување на природата 2023 година е „Шумите и средствата за живот: Одржливост помеѓу луѓето и планетата“.
Природниот свет се соочува со растечка закана од неодржливи практики и сегашниот предизвик е токму зачувувањето и зачувувањето на природата во процесот на одржлив развој.
Состојбата на природата има влијание врз опстанокот на човекот, локалната и глобалната економија, животот во заедницата, личната благосостојба.
Сите ние можеме да направиме свесен напор да придонесеме во локалните, националните и глобалните напори за зачувување на природата и придобивките што таа ни ги нуди на нас и на идните генерации.

# ЗАШТИТА НА ШУМИТЕ

**Заштита на шумите од болести и штетници**

Заштитата на шумите е систем на мерки и активности кои се спроведуваат со цел да се обезбеди опстанок на шумите, зачувување на здравствената состојба и виталност на шумите од противправно присвојување и користење, пожари, растителни болести и штетници, бесправни сечи, противправно собирање на други шумски производи и други оштетувања.
За заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетници се утврдуваат средства преку Програмата за проширена репродукција на шумите за 2023 год. (Сл. весник на РСМакедонија бр.31/23).
Активностите се во насока на превентивна заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетници, кои може да загрозат поголеми шумски простори, организирана преку Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) за шумите во РСМакедонија. Шумарскиот факултет - Скопје, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, доставува Извештај за здравствената состојба на шумите во РСМакедонија за 2023 год., со предлог мерки за понатамошно делување. За оваа намена се обезбедуваат финансиски средства од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку Програмата за проширена репродукција на шумите за 2023 год. во износ од 1.000.000 денари.



**Заштита на шумите од пожари**

Од аспект на заштита на шумите, а со оглед на нашите климатски услови, како најголем произлегува проблемот со заштита на шумите од пожари кои како деструктивен елемент се сметаат за елементарна непогода со која на шумскиот фонд му се нанесуваат повеќекратни штети.
Согласно податоците кои се прибираат во текот на годината, а истите се добиваат од: Електронскиот систем MKFFIS, преку статистичките листови кои ги доставуваат подружниците и електронските Месечни извештаи за реализирани активности на шумочуварската служба доставени до Секторот за заштита на шуми, надзор и внатрешна контрола, евидентирани се 44 пожари во текот на периодот од јануари-јуни 2023 год. Вкупно опожарена површина во периодот од јануари-јуни 2023 год. е 492,30ха, а опожарена дрвна маса е 120м3 при што е причинета штета од 16.288.000 денари. Вкупните трошоци за гаснење на пожарите во периодот од јануари-јуни 2023 година изнесуваат 448.582 денари. Во гаснењето на пожарите учествувале 296 гасначи од кои 179 се вработени во ЈПНШ, а 117 се гасначи од други субјекти.



По подружници е испратен налог да се ажурираат плановите за 2023 година и во нив да го применат член 34, став 2 од Законот за пожарникарство во кој е пропишано: “Кога во гаснењето на пожари во шума и други отворени простори се вклучени и вработените во правното лице, кое стопанисува со опожарените површини, со гаснењето на пожарот раководи одговорно лице согласно со неговиот план за заштита од пожари”. Овој налог во целост е спроведен.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите (Сл.Весник на РМ бр.160 од 31 октомври 2014 година), поради подобрување на мониторингот над шумските пожари, превентива, фактори и причинители, видот и големината на пожарот, учесниците во гаснењето и трошоците за гаснење, предизвиканите штети, во органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството ќе се воспостави и води Единствен информативен систем и регистар за шумските пожари. Субјектите кои стопанисуваат со шумите се должни да ги собираат податоците за шумските пожари и најдоцна во рок од осум дена од денот на избувнувањето на пожарот за тоа да го известат органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството. Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството собраните податоци треба да ги достави на домашните и меѓународните тела и институции на нивно барање. Следењето на настанатите пожари е преку електронскиот систем MKFFIS, преку статистичките листови кои ги доставуваат подружниците.




Во текот на 2023 година, поточно на 14 јуни на Градскиот плоштад во Скопје, се одржа кампања за подигање на свеста кај граѓаните и потребата од заштита на шумското богатство во текот на летниот период, под мотото ДА ГИ ЗАШТИТИМЕ НАШИТЕ ШУМИ. Кампањата беше организирана од Противпожарниот сојуз на Македонија, заедно со Градскиот противпожарен сојуз на Скопје и Општинските противпожарни сојузи на Општините од Град Скопје, а во соработка со ЈП Национални шуми, Дирекција за заштита и спасување и Доброволни противпожарни друштва. На настанот учествуваа претставници од ЈП Национални шуми од Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола и дел од шумочуварската служба на Подружница Караџица од Скопје. На кампањата беа поделени флаери со информативно-едукативна содржина за заштита на шумите од пожари.

Јавното претпријатие Национални шуми ги презема вообичаените превентивни и подготвителни мерки за заштита на шумите од пожари. За таа цел на 17 мај 2023 година, во Кавадарци, Дирекцијата за заштита и спасување одржа обука за 75 лица за гаснење на шумски пожари на отворен простор, како и обука за возилата GREAT WALL со пумпа, кои по завршената обука ќе добијат сертификати. Обуката за гаснење на пожари содржеше теоретски и практичен дел. Теоретскиот дел се одржа во просториите на СОЗШУ Ѓорче Петров во Кавадарци, а практичниот дел во кругот на училишниот двор. На теоретскиот дел воведно обраќање имаше директорката на СОЗШУ Ѓорче Петров во Кавадарци Ратка Росомански, како и директорот на ЈП Национални шуми Валентин Груевски.



На 21 јуни 2023 год. одржана е меѓународна вежба за справување со пожари на отворено „РОДОП 2023“ организирана од страна на Дирекцијата за заштита и спасување како и билатералната соработка помеѓу РСМакедонија и РБугарија во која учество земаа ДПД Кочани и Пехчево и ТППЕ од Берово, против пожарни сили на Делчево Берово, Виница, Кочани. Во гасењето пожари на отворен простор покрај ДЗС и другите учесници, учество земаа и вработени од Подружницата Малешево од Берово со летање на дрон за рано откривање на пожари и потрага по исчезнати лица.



Исто така на 28 јуни 2023 год. во Крушево беше одржана обука за вработените кои ќе управуваат со против пожарните возила од осум подружници: Кочани, Прилеп, Св.Николе, Крушево, Струга, Дебар, Куманово и Делчево, со што се ставени во употреба за летната сезона новите противпожарни возила и новите пумпи на Национални шуми. На настанот присуствуваше и директорот Валентин Груевски со помошници директори од менаџерскиот тим. Раководителот на Подружницата Липа од Крушево како одличен домаќин на настанот, пред присутните вработени и раководители на подружниците, одржа и професорски ,,час" по шумарство.

**Заштита на шумите од шумски штети**

Заштитата на шумите од шумски штети претставува сериозен фактор во зачувување на шумскиот фонд. Бројот на прекршителите, односно сторителите на шумски штети и кражби на дрво во последните години се зголемува, а со тоа на шумскиот фонд му се нанесуваат значителни штети.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за шуми објавен во (Сл. Весник на РМ бр.160/2014 год., во член 81) дефинирано е дека правните субјекти кои стопанисуваат со државните шуми вршат реонско чување на шумата со формирање на шумочуварски реони, односно чувањето на шумите се врши двостепено, шумочуварската служба врши реонско чување на шумите, додека шумската полиција врши контролно-патролно чување на шумите. Врз основа на измените на Законот за шуми изготвени се: Правилници и Упатства (подзаконски акти) – Правилник за вршење на работите на шумочуварската служба и формата и содржината на службената книга за бесправните дејствија и за утврдување на фактичката состојба во шумочуварскиот реон; – Правилник за службената униформа, легитимацијата, видот на службеното вооружување што го носат припадниците на шумочуварската служба и начинот на користење на службеното оружје. Припадниците на шумочуварската служба во шумочуварските реони особено се овластени да: го чуваат реонот од бесправни сечи и шумски кражби, да вршат преглед на сите средства со кои се превезува или пренесува дрво во шумочуварскиот реон и на контролните рампи на шумските патишта, да ги



легитимираат сите лица затечени во шума, да известуваат за појавени шумски пожари, растителни болести, шумски штетници и други непогоди во шумочуварскиот реон. За сите бесправни дејствија ги известуваат надлежните органи во правните субјекти за стопанисување со шумите, а против прекршителите поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган. Припадниците на шумочуварската служба за својата работа водат службена книга за бесправните дејствија и за утврдување на фактичката состојба во реонот. Воведена е електронска евиденција поединечно за секој припадник на шумочуварската служба: Име и број на шумочуварски реон со кој е задолжен, лиценца број, легитимација број, телефонски број, чекан за шумска штета број, дозвола за поседување и носење на оружје број, како и следење на промените кои настануваат на шумочуварската служба со доставување на информации во континуитет.

Во тековната година вработените од подружниците во состав на ЈП Национални шуми во соработка со МВР и припадниците на Шумската полиција ја спроведоа планираната активност Бесправната сеча е криминал, со проследување на 10 илјади флаери со информативна и едукативна содржина на територијата на цела држава. Граѓаните беа информирани дека шумите се нашето најголемо богатство и дека сите сме должни да ги чуваме и заштитуваме, а секое незаконско сечење на дрва е кривично дело кое има законски последици.



Во рамките на проектот “Fight Illegal Forest Actions”, во организација на РЕФОРД (Регионален центар за шумарство и рурален развој), на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг Ханс Ем – Скопје на 21 март се одржа обука за Примена на модерни технологии во заштита од нелегални шумски активности наменета за лица кои се професионално ангажирани во шумарството. На настанот присуствуваа претставници на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Сектор за шумарство и ловство, United States Forest Service, Шумска полиција, преставници од ЈП Национални шуми, Националните Паркови Пелистер, Маврово и Шара и Македонско Еколошко Друштво. Обуката ја одржаа професорите од катедрата за земјиште и вода, д-р Иван Минчев и м-р Божин Трендафилов. Во рамките на оваа активност е изработено и видео материјал, како и Упатство кое ја прикажува постапката чекор по чекор, за следење на промените во шумската покровност со примена на далечинска детекција. Во упатството е презентирано истражување за шума во државна сопственост, конкретно Шумско стопанската единица Брест, која е дел од подружницата Караџица од Скопје, преку кое се добиени информации за следење на состојбите со шумските ресурси.

Во согласност со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми донесе План за спречување на корупција, каде главна задача ќе биде навременото препознавање на ризиците од корупција и предлагање на соодветни мерки за отстранување на ризиците. Планот треба да биде водич за понатамошните активности кои Јавното претпријатие ќе ги презема за борба против корупцијата. Јавното претпријатие како институција која врши работи од јавен интерес има за цел да воспостави систем на мерки кои ќе овозможат справување со корупцијата и идентификување на причините, условите и факторите кои ја овозможуваат.

Притоа јавниот интерес како што е дефиниран во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, претставува "заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на РСМакедонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и слободата на пазарот, владеењето на правото и спречување на криминалот и корупцијата". Годишниот план за проценка на ризици од корупција за 2023 год. е објавен на официјалната веб страна на јавното претпријатие.

Изготвиле:
Гордана Серафимовска
Кети Јанакиевска

# КАМПАЊАТА ЛЕТО БЕЗ ПОЖАРИ ПОД МОТОТО ПЛАМЕНИТЕ ЈАЗИЦИ СЕ НЕЗАПИРЛИВИ И ПАЛЕЊЕ НА ШУМИТЕ Е КРИМИНАЛ ВО СИТЕ ПОДРУЖНИЦИ НА ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ



Согласно законските обврски за спроведување на превентивни мерки за заштита на шумите од пожари, на ден 26.07.2023 година, започна каппањата "Лето без пожари" на наплатна рампа Миладиновци, во која освен претставниците од Дирекцијата на ЈП "Национални шуми" и претставници на шумочуварската служба од Подружниците на јавното претпријатие учествуваа и припадниците на Министерството за внатрешни работи - Одделение за превенција и Шумска полиција. Кампањата во понатамошниот период се одвиваше во сите подружници на јавното претпријатие.
Согласно превентивниот план за заштита на шумите, на граѓаните им беше укажано на потребата од зголемено внимание за заштита на шумите од пожари и воедно беа поделени флаери со информативно - едукативни содржини. Во исто време граѓаните беа информирани за опасностите од настанување на шумските пожари, посебно во летниот период кога е зголемена опасноста од појава на шумски пожари. Во текот на кампањата продолжија активностите во насока на давање препораки и совети за заштита и зачувување на шумските и останатите површини од пожари, заштита на земјоделско земјиште, ливади, пасишта од пожари, како и препораки за превенција од пожари на отворен простор, информирање на локалното население во руралните села и населби, со цел подигнување на свеста за заштита на шумите кои се наше природно богатство.
Исто така, граѓаните беа информирани за начинот на вадење на дозвола за движење во шума, со оглед дека на сила е делумната забрана за движење во шумите, како и законската регулатива и санкции во поглед на предизвикувањето на шумски пожари.






**112 БРОЈ ЗА ДОЈАВА**

ШУМИТЕ СЕ НАШЕ НАЈГОЛЕМО БОГАТСТВО,
ДА ГИ ЧУВАМЕ НАШИТЕ ШУМИ

НАЦИОНАЛНИ ШУМИ
во партнерство со природата




**Шумите се нашето најголемо богатство. Тие дишат за нас и го создаваат толку неопходниот кислород Тие се дом и засолниште на целиот животински и растителен свет. Тие се дел од нашето секојдневие и ни обезбедуваат сигурност, енергија и основа за создавање на се, од обичниот лист хартија, па се до кровот над нашите глави. Шумите се оганот кој не грее во ладните зимски ноќи и сенката која не штити од врелото летно сонце. Тие се нашиот животен циклус, она што не движи напред, тие се нашето највредно богатство и само замислете како би било да ги нема...**

**Да ги чуваме нашите шуми! Од пожари и ѓубре и од несовесно однесување!**






POLICE
ПОЛИЦИЈА







# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА ПЕРИОД ОД 01 – 06 МЕСЕЦ 2023 ГОДИНА




**Производство на дрвни сортименти**

ЈП"Национални шуми" користењето на шумите го врши плански според намената согласно Посебните планови за стопанисување со шуми, на начин кој обезбедува трајно зачувување на нивната површина и зголемување на вредноста на шумите, постојано зголемување на нивниот прираст и принос како и зачувување и унапредување на нивните општокорисни функции кои се во насока на одржлив развој и унапредување на животната средина. Заштитните функции на шумите се остваруваат преку заштита на земјиштето и други објекти од ерозија, влијание на водниот режим и режимот на ерозивните наноси, заштита на хидромелиоративните системи и објекти, заштита на населби и објекти од јавен и локален интерес во државна и приватна сопственост. Производните функции пак на шумите се во насока на производство на дрво и други производи од шумата. Согласно член 62 од Законот за шуми, сеча во шума се врши само по претходно извршена ознака за сеча со втиснување на јасно видлив шумски жиг. Под ознака за сеча се подразбира одбирање и означување на стеблата за сеча и евидентирање на дрвната маса која е предвидена за сеча за тековната година според Посебниот план за стопанисување. Во извештајниот период донесена е Програмата за работа на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" за 2023 год. која е разгледана на тематска седница на Владата на РСМ, одржана на 01.02.2023 год., под точка 68, како материјал за информирање. Програмата за работа претставува збир на поединечните програми на 30те подружници во состав на Јавното претпријатие и е изработена во согласност со Посебните планови за стопанисување со шумите, како и во склад со реалните можности, технички капацитети и човечки ресурси во секоја подружница.
Програмата за работа на Јавното претпријатие е еден од најзначајните документи, со кој се планираат конкретните задачи кои треба да се остварат во тековната година, притоа имајќи го предвид остварувањето на главната општествена задача и основната цел во работењето, а тоа е заштита и одгледување на шумите, како добро од општ интерес.

На истата седница на Владата е разгледана и донесена Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2023 год. на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми" – п.о. Скопје. Инвестиционата програма на претпријатието е вложување во отварање и изградба на шумски патишта, набавка на основни средства (моторни пили, градежни машини-булдожери, дизел компресори за потребите при изградба на шумски патишта, трактори со витло и теренски возила со погон на сите оски 4x4), информатичка опрема и останати набавки.

**Сеча на дрвни сортименти**

Во периодот од 01-06 месец 2023 година извршена е сеча и изработка на 143.454,81 м3 вкупна дрвна маса. Споредено со планираната месечна динамика за сеча од Програмата за работа за периодот од 01-06 месец 2023 год. на ниво на ЈП сечата е извршена со 56%. Во вкупно посечената дрвна маса влегува и дрвната маса на пенушка, односно сеча на огревно дрво од страна на физички лица во државна нискостеблеста шума во вкупна количина од 45.551,30 м3. Споредбените податоци за извршените работи во фазата сеча со истиот период во 2022 год. покажуваат

дека индексот на остварено е 0,85 или сечата е намалена во апсолутен износ од 25.814 м3.

**Дотур на дрвни сортименти**

Во периодот од 01-06 месец 2023 година дотурени се вкупно 87.203,41 м3 или 42% од планираната динамика за дотур на вкупна дрвна маса. Споредбата со истиот период во 2022 год. покажува дека индексот на остварено е 0,90, а тоа значи дека дотурот на вкупна дрвна маса е намален за 10% или во апсолутен износ за 10.138 м3.



**Превоз на дрвни сортименти**

Во периодот од 01-06 месец 2023 год. извршен е превоз на вкупна дрвна маса од 16.261,18 м3 или тоа е 28% од планираната динамика за превоз на огревно дрво. Споредбата со истиот период во 2022 год. покажува дека индексот на остварен превоз на вкупна дрвна маса со остварена продажба од шумски склад е 0,67, или превозот со остварената продажба од шумски склад е намален во апсолутен износ за 28.066 м3. Продажбата на дрвни сортименти од шумски склад е според важечкиот Ценовник на цени на главни шумски производи бр.02-540/2 од 21.07.2022 год.



**Продажба на дрвни сортименти**

Според податоците од месечните извештаи за производство и реализација на дрвни сортименти од подружниците, во периодот од 01-06 месец 2023 година продадена е вкупна дрвна маса од 113.713,72 м3 од кои 28.472,88 м3 се техничко дрво, а 83.484,14 м3 се огревно дрво и 1.756,70 м3 е отпад после сеча. Споредбените податоци за остварена продажба на дрвни сортименти со истиот период во 2022 година покажуваат дека таа е намалена во апсолутен износ за 44.456,80 м 3.

**Начин на продажба на дрвните сортименти**

Дрвните сортименти се продаваат со: рамковен договор за деловна соработка со годишни договори, годишен договор без рамковен договор и продажба на благајна – малопродажба.
Јавното претпријатие "Национални шуми" – Скопје во месец декември 2022 год. објави Повик за интерес за склучување на купопродажни договори за техничко и огревно дрво за 2023 година на веб страната на ЈП.

Врз основа на јавните повици за интерес во текот на периодот од 01-06 месец 2023 година и врз основа на склучените Рамковни договори за деловно-техничка и комерцијална соработка за период од 5 години, со 14 правни субјекти се склучија годишни купопродажни договори за техничко дрво, во кои посебно се регулираа количините на дрвни сортименти за тековната година, квали-

тетот, цената, динамиката на снабдување, начинот на плаќање и други работи кои се од значење за годишните испораки.

**Шумски патишта**

Во периодот од 01-06 месец 2023 изградени се вкупно 52,13 км меки патишта, реконструирани се 100,10 км и извршено е прочистување на постоечката патна мрежа на 592,87 км. За реализација на остварените плански задачи за изградба на патишта, реконструкција и прочистување на постоечката патна мрежа во периодот од 01-06 месец 2023 година потрошени се вкупно 26.819.580 денари со сопствена механизација. Планирањето и изградбата на шумските патишта детално се разработени во посебните планови и програми. Координација во планирањето, изградбата, одржувањето на патиштата во функција за стопанисување со шумите, како и стручен надзор за извршените работи, врши субјектот кој стопанисува со шумите. Корисниците на шуми се должни да ги одржуваат шумските патишта и да водат евиденција за нив.



**Приватни шуми**

Во периодот од 01-06 месец 2023 год. одобрени се вкупно 83.415 м3 од приватни шуми и меѓи, од кои на техничко дрво отпаѓаат 9.573 м3 и на огревно дрво отпаѓаат 73.842 м3. Од вкупно одобрената дрвна маса во овој период реализирано е 6.864 м3 техничко и 43.002 м3 огревно дрво од приватни шуми и меѓи. Трошоците кои произлегуваат од работата во приватните шуми, согласно важечките законски прописи ги обезбедуваат самите сопственици врз основа на важечкиот Ценовник за ознака и други услуги за шумите, меѓите и осамени дрва во приватна сопственост. Средствата кои се остварени од ознака на техничко и огревно дрво од шума и ознака на дрва од меѓи во приватна сопственост за период од 01-06 месец 2023 год. изнесуваат 19.046.334 денари.

**Одгледување на шуми**

Активностите во делот на одгледувањето на шумите, се базираат на обврските кои се пропишани со посебните планови за стопанисување со шумите.



**Проста репродукција на шуми**

За проста репродукција на шумите по вид на извршена работа во периодот од 01-06 месец 2023 година потрошени се вкупно 36.200.716,80 денари.

**Проширена репродукција на шуми**

Врз основа на член 96 од Законот за шумите, Владата на РСМакедонија, на седницата, одржана на 7 февруари 2023 год. донесе Програма за

проширена репродукција на шумите за 2023 год. Во извештајниот период ЈП Национални шуми согласно склучените договори од Програмата за проширена репродукција за 2023 год. како извршител на работите нема работено според договорите на предвидените површини, се очекува предвиденото да се реализира во второто полугодие од тековната година.

**Расадничко производство**

Во периодот од 01-06 месец 2023 год. произведени се вкупно 1.179.560 броја садници од сите возрасти на ниво на ЈП, од кои 721.082 броја садници се класично и 458.478 броја се контејнерско производство. Во извештајниот период остварено е производство на семенски материјал за расадничко производство, односно собрано е семе, во вкупна количина од 497кгр од различни дрвни видови и тоа: црн бор, бел бор, аризонски чемпрес, дуглазија, ела, смрча, питом костен, багрем, јасен, каталпа и јавор.

**Заштита на шумите од болести и штетници**

Заштитата на шумите е систем на мерки и активности кои се спроведуваат со цел да се обезбеди опстанок на шумите, зачувување на здравствената состојба и виталност на шумите од противправно присвојување и користење, пожари, растителни болести и штетници, бесправни сечи, противправно собирање на други шумски производи и други оштетувања.

**Заштита на шумите од пожари**

Согласно податоците кои се прибираат во текот на годината, а истите се добиени од: Електронскиот систем MKFFIS, преку статистичките листови кои ги доставуваат подружниците и електронските Месечни извештаи за реализирани активности на шумочуварската служба доставени до Секторот за заштита на шуми, надзор и внатрешна контрола, евидентирани се 44 пожари во текот на периодот од јануари-јуни 2023 год. Вкупно опожарена површина во периодот од јануари-јуни 2023 год. е 492,30ха, а опожарена дрвна маса е 120м3 при што е причинета штета од 16.288.000 денари. Вкупните трошоци за гаснење на пожарите во периодот од јануари-јуни 2023 година изнесуваат 448.582 денари.

**Заштита на шумите од шумски штети**

Во извештајниот период вработените од подружниците во состав на ЈП Национални шуми во соработка со МВР и припадниците на Шумската полиција ја спроведоа планираната активност Бесправната сеча е криминал, со проследување на 10 илјади флаери со информативна и едукативна содржина на територијата на цела држава.

**Финансиски показатели**

Податоците во Извештајот за остварените финансиски резултати од работењето за период 01-06 месец 2023 год. се добиени од сметководствените податоци за книжени приходи и расходи по подружници. Според податоците, вкупниот приход на ниво на ЈПНационални шуми за извештајниот период изнесува 336.079.609 ден., вкупните расходи се 532.309.704 ден. при што е остварен негативен финансиски резултат од работењето во износ од 196.229.095 денари.
Споребените податоци за остварените приходи и расходи за период 01-06 месец 2023год. со истиот период од минатата година покажуваат дека оваа година приходите се помали за 14%, а расходите се помали за 10%. Остварената загуба е помала од таа остварена минатата година за 6.646.441денар.
Според податоците за продадената дрвна маса и остварените приходи од продажба, за период 01-06месец 2023год., остварена е просечна продажна цена и тоа за огревното дрво – 2.088.52 ден./м³ и за техничкото дрво – 2.640,79 ден./м³. Споредбените податоци со истиот период минатата година покажуваат дека оваа година просечната продажна цена на огревното дрво е поголема за 10%, а на техничкото дрво е исто така поголема за 3%.
За остварување на сите планирани активности Јавното претпријатие во извештајниот период располагаше со 1.442 работника во редовен работен однос на неопределено време, заклучно со 30.06.2023 год. Основната цел и тенденција во деловната и развојна политика на ЈП "Национални шуми" во областа на вработеноста е оптимален број на стручни и квалитетни кадри во сите сегменти од работењето во шумарството.
Стимулирање и стручно оспособување на постоечките кадри со посета на семинари по одредени области, а во иднина и организирање на советувања и семинари од областа на шумарството кои се во функција на стручно унапредување. Реализацијата на вака поставените развојни цели, треба да доведе до попрофитабилно работење на претпријатието, имајќи ја притоа секогаш предвид еколошката димензија во вкупното работење на ЈП "Национални шуми".

Изготвиле:
Гордана Серафимовска
Кети Јанакиевска

# ОЗОНСКАТА ОБВИВКА КАКО ЗАШТИТЕН ФИЛТЕР ОКОЛУ ЗЕМЈАТА

Озонот е слој на гас присутен во нашата атмосфера, кој претставува заштитен филтер и е од суштинско значење за животот и здравјето на живите суштества на нашата планета, ја штити планетата од ултравиолетово зрачење, а се користи и во многу области, од прехранбената индустрија до медицината.

За прв пат проблемот со истенчувањето на озонската обвивка беше иницирaн на едно од собранијата на Обединетите нации, кој подоцна резултираше со потпишување на Монтреалскиот протокол за супстанци кои ја осиромашуваат озонската обвивка.

Доколку озонската обвивка што го филтрира најсилното сончево зрачење (UV-зрачење) стане потенка, количината на штетното зрачење што допира до површината на Земјата се зголемува со очигледни последици врз животот на нашата планета. Во минимални количини, сончевите зраци не се штетни, туку спротивно на тоа, се важни, на пример за апсорпција на витаминот Д, но во поголеми дози можат да ја променат рамнотежата на биосферата и самото постоење на нашите екосистеми.

Нефилтрираното зрачење може да има негативни ефекти врз здравјето на луѓето, без да се земат предвид последиците по животот на микроорганизмите, животните и растенијата: најштетните сончеви зраци всушност ја блокираат фотосинтезата со помалку кислород што се ослободува во атмосферата. Заедно со уништувањето на шумите, озонската дупка е една од главните причини за климатските промени.

Затоа клучот е одржливост и Меѓународниот ден за зачувување на озонската обвивка (16 септември) е само еден од многуте настани што во текот на годината не потсетуваат колку е важен животот на нашата планета и што треба да биде направено за заштита на нејзините екосистеми.

Има уште долг пат да се направи, но едукацијата на идните генерации за одржливи избори, учење и информирање е веќе голем чекор напред во можноста да се остави убаво наследство на генерациите кои доаѓаат.






национални
ШУМИ
во партнерство со природата